факти

# Колективно насилство

Колективното насилство добива висок степен на јавно внимание. Насилните конфликти меѓу нациите и групите, државниот и групниот тероризам, силувањето како воено оружје, движењето на голем број луѓе раселени од своите домови и пресметките на бандите... сето ова се случува секојдневно во многу делови од светот. Ефектите од ваквите настани врз здравјето, во смисла на умирање, физичка траума, инвалидност и ментален немир, се огромни.

Колективното насилство може да се дефинира како: инструментална употреба на насилство од лица кои себеси се идентификуваат како членови на група, без оглед дали групата е непостојана или има попостојан идентитет, против друга група или колектив на поединци, за постигнување политички, економски или социјални цели.

## СТЕПЕН НА ПРОБЛЕМОТ

- 20-тиот век беше еден од најнасилните периоди во човековата историја. Се проценува дека 191 милион луѓе ги загубија животите директно или индиректно како резултат на конфликт, а многу повеќе од половина од нив беа цивили.
- Во 2000 г., над 300 000 лица починаа како директен резултат од насилни конфликти. Стапките варираа од помалку од 1 на 100 000 население во богатите земји, до 6,2 на 100 000 во сиромашните и средно развиените земји.
- Во светот, највисоки стапки на умирања како резултат на конфликт се утврдени во Африка (32,0 на 100 000).
- Освен илјадниците загинати во насилни конфликти секоја година, има огромен број кои се физички повредени, вклучувајќи ги тука и трајно инвалидизираните или осакатените.
- Тортурата и силувањето, исто така, се користат за тероризирање и поткопување на заедниците, иако е тешко да се утврди точниот број на лицата подложени на ваква злоупотреба. Многу луѓе ја кријат траумата што ја претрпеле, а страните во конфликтот често се обидуваат да манипулираат или да ги прикријат доказите за тортура и силувања.

## ПОСЛЕДИЦИ ОД КОЛЕКТИВНОТО НАСИЛСТВО

Влијанието од насилните конфликти врз здравјето може да биде многу големо во смисла на морталитет, морбидитет и инвалидност.

Зголемените стапки на смртност на цивили за време на насилни конфликти, обично се должат на:

- повреди,
- намален пристап до храна што доведува до потхранетост,
- зголемен ризик од преносливи болести,
- намален пристап до здравствени услуги,
- намалени програми за јавно здравство,
- лоши услови во средината,
- психолошка вознемиреност.

Децата и бегалците спаѓаат во групите најчувствителни на болести и смрт во време на конфликт. Порастот на стапките на морбидитет и морталитет во овие две групи може да биде драматичен.

Насилството и суровоста на конфликтите се поврзуваат со ред психолошки и проблеми во однесувањето, вклучувајќи ги депресијата, анксиозноста, суицидното однесување, злоупотребата на алкохол и пост-трауматското стресно нарушување.

Конфликтите ги попречуваат трговските и другите деловни активности, пренасочувајќи ги ресурсите од други витални служби и сектори кон одбраната. Тие влијаат и врз производството или дистрибуцијата на храна и раселуваат илјадници лица од нивните домови. Се проценува дека гладта во војна, другите вооружени конфликти или геноцидот, убиле 40 милиони луѓе во 20-тиот век.

Светска здравствена организација
Министерство за здравство на Република Македонија
Републички завод за здравствена заштита - Скопје
Фондација Институт отворено општество Македонија
Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ
unicef

## ПРИМЕРИ НА ДИРЕКТНО ВЛИЈАНИЕ НА КОЛЕКТИВНОТО НАСИЛСТВО ВРЗ ЗДРАВЈЕТО

| Влијание врз здравјето | Причини |
|---|---|
| Зголемен морталитет | • Умирања поради надворешни причини, главно поврзани со оружје<br>• Умирања поради заразни болести (како сипаници, полиомелитис, тетанус и маларија)<br>• Умирања поради непреносливи болести, како и такви што може да се избегнат преку медицинска заштита (вклучително астма, дијабетес и ургентна хирургија) |
| Зголемен морбидитет | • Повреди од надворешни причини, како од оружје, сакатење, мини, изгореници и труења<br>• Морбидитет поврзан со други надворешни причини, вклучително и сексуално насилство<br>• Заразни болести:<br>- преку вода (како колера, тифус, дизинтерија)<br>- преку инсекти (како маларија)<br>- други преносливи болести (како туберкулоза, акутни респираторни инфекции, ХИВ и други сексуално преносливи болести)<br>• Репродуктивно здравје:<br>- поголем број мртвородени и предвремени породувања, повеќе случаи на мала родилна тежина и повеќе компликации при породување<br>- хронична изложеност на хемикалии и радијација<br>• Исхрана:<br>- акутна и хронична потхранетост и разни дефектни нарушувања<br>• Ментално здравје:<br>- анксиозност<br>- депресија<br>- пост-травматско стресно нарушување<br>- суицидно однесување |
| Зголемена инвалидност | • Физичка<br>• Психолошка<br>• Социјална |

## КОИ СЕ РИЗИК-ФАКТОРИ ЗА КОЛЕКТИВНО НАСИЛСТВО?

Корените на насилен конфликт обично се длабоки и може да бидат резултат на долгорочни тензии меѓу групите. Постојат бројни фактори кои укажуваат на можноста од избувнување на насилен конфликт. Такви се:

- Отсуство на демократски процеси и нееднаков пристап до моќ. Ризикот е особено висок кога моќта произлегува од етнички или религиозен идентитет и кога водството е репресивно и диспонирано кон злоупотреба на човековите права.
- Социјални разлики обележани со страшно нееднаква распределба и пристап кон ресурси. Конфликтот е најверојатен во ситуации кога економијата е во опаѓање, влошувајќи ја социјалната нееднаквост и интензивирајќи го натпреварот за ресурси.
- Контрола од страна на една група врз вредните природни ресурси, како дијаманти, нафта, дрво и лекови.
- Рапидни демографски промени кои го соголуваат капацитетот на државата да обезбеди основни услуги и можности за вработување.

Пред да се случи отвореното колективно насилство, може да се утврдат многу од овие фактори на ризик.

## ШТО МОЖЕ ДА СЕ СТОРИ ЗА ДА СЕ СПРЕЧИ КОЛЕКТИВНОТО НАСИЛСТВО?

Постојат бројни мерки за спречување на колективното насилство, а онаму каде што тоа ќе се појави, за намалување на неговото влијание.

Некои од општите политики неопходни за намалување на потенцијалот за насилни конфликти се:

- Намалување на сиромаштијата, и во апсолутна, и во релативна смисла; гарантирање дека помошта во развојот е така насочена што има најголемо можно влијание врз сиромаштијата.
- Намалување на нееднаквоста помеѓу групите во општеството
- Намалување пристап кон биолошки, хемиски, нуклеарни и други оружја.
- Гарантирање промоција и примена на меѓународни договори, вклучувајќи ги и оние за човекови права.

Националните влади може да помогнат во превенирање на конфликтите преку одржување на духот на поглавјето на ОН, кое повикува на спречување агресија и унапредување на мирот и безбедноста. Подетално, ова значи придржување кон меѓународните правни инструменти, во кои влегуваат Женевските конвенции од 1949 г. и нивните протоколи од 1977 г.

Инвестирањето во развојот на здравството може да придонесе кон превенирање на насилен конфликт. Силен акцент на социјалните служби може да помогне да се одржи општествената кохезија и стабилност.

Честопати, раните манифестации на состојби кои може да доведат до конфликти се детектираат во здравствениот сектор. Здравствените работници имаат значајна улога во привлекувањето внимание кон овие знаци и во повикувањето на соодветни социјални и здравствени интервенции.